**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДА

Почитувани,

1. Договорниот орган: Министерството за финансии на Република Македонија, со седиште на ул: "Даме Груев", бр. 14 - Скопје, има потреба од набавка на услуга – ангажирање на независна ревизорска куќа за ревизија на финансиските извештаи и работењето на Компензациониот фонд од странска помош – Швајцарија за 2005, 2006, 2007 и 2008 година.

2. За таа цел, договорниот орган спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за доделување на договор за јавна набавка на услуга, во согласност со член 100, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07 и 130/08), за што објави оглас број 14-1/2009 година.

3. Лица за контакт во врска со предметот на набавката: Татјана Трајковска, тел. 02/3106-173, електронска адреса: tatjana.trajkovska@finance.gov.mk и Ефка Глигоровска, тел.02/3106-615, електронска адреса: efka.gligorova@finance.gov.mk.

4. Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни доставaт понуда за горенаведениот предмет на договор за јавна набавка најдоцна до 05.03.2010 година до 12 часот, по пошта или лично со поднесување во писарницата на Министерството за финансии.

5. Кон оваа покана е приложена тендерска документација која ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата. Молиме, при изготвувањето на понудата економските оператори да ги користат оригиналните обрасци кои се составен дел на тендерската документација.

6. Заинтересираните економски оператори можат да ја подигнат тендерската документација од веб страницата https://www.e-nabavki.gov.mk.

7. Тендерската документација може да се земе без надоместок.

8. Само економските оператори што подигнале тендерска документација, имаат право да доставaт понуда за учество во постапката.

9. Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

10. Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на ден 05.03.2010 година, во 12 часот, во просториите на Министерството за финансии, “(ул„Даме Груев„ бр.14, - Скопје) 3-ти кат, сала за состаноци бр.9.

Однапред благодариме на соработката.

**Во Скопје,**
**17.02.2010 година**

**Комисија за јавни набавки**
**Претседател,**
**Татјана Трајковска**